Дневник, 2. XII 2000/V 1420, Викенд, 138, 7



# Облеката открива сѐ што носиме во себе

Ликовната уметница Искра Димитрова, позната по своите инсталации во простор, е препознатлива и по стилот на облекување. Трансформациите на нејзиниот надворешен изглед се многу чести, но и ефектни. Сака да биде опкружена со луѓе што низ облеката ги покажуваат својата инвентивност и посебност. Ги сака контрастите, а облеката честопати ја сфаќа како вентил низ кој го искажува својот револт

● Вашиот стил на облекување е посебен и препознатлив. Дали облеката ја правите спонтано или правите некои комбинации, па се решавате за идеалната?

- Спонтано. Главниот критериум обично ми е - колку нешто ми изгледа интересно. Нормално, она што во некое време ми изгледа интересно, во друго може да ми изгледа здодевно, особено кога ќе стане масовна појава. Ме ужаснува помислата да се остане роб на само еден начин на облекување. Сум поминала низ милијарда лични "стилови"/"периоди"/"метаморфози". За мене секоја промена е целосна трансформација, од боја на коса до чевли, па веројатно и психичката промена.

● Вашиот надворешен изглед зборува дека не сте ѝ роб на униформираноста. Што мислите за таа појава?

- Секој човек си е посебна личност и баш би било убаво тоа да е видливо и преку облеката. Многу ми се допаѓа кога некаде ќе видам повеќе различни стилови на облекување, кога луѓето низ облеката ја покажуваат својата инвентивност и посебност. Ме воодушевува кога ќе видам некој облечен како уметничко дело, не мислам во пејоративна смисла, туку како скулптура или онака со посебна "приказна", однос на различни стилови во деловите од облеката. Постои цела "филозофија"во облекувањето, и не само тоа, и фризурата, начинот на однесување..., кои одговараат на таа облека, се еден вид изјава, комуникација со другите. Ние секое утро "одбираме" кој ќе бидеме во следните часа.

● Како ги комбинирате парчињата облека - според боите, обликот...?

- Немам некој однапред зацртан шаблон, сѐ си е приказна за себе. Како и да е, боите ми се исклучително важни, без разлика дали сакам да бидат усогласени или со намера поништувачки една кон друга. Понекогаш ме интересираат контрастите - некој дел од облека што се третира за класично женски (нежен, деликатен) со некој дел што се смета за традиционално машки (груб материјал и строги линии) или пак со кратка, "машка" фризура, понекогаш ми е интересен "хермафродитизмот" во облекувањето... Тоа е повеќе прашање на концепција отколку на посебни делови.

● Веројатно Вашата професија Ви




дозволува и слобода во облекувањето. Дали преку облеката ги изразувате моментните чувства или инспирацијата?

- Среќа што сум уметница, инаку немаше да можам да се облекувам како што сакам :)))))). Да, има тука нешто, но бидејќи делата што ги создавам се многу лични, често периодот во кој се наоѓам влијае и на уметничкиот израз и на облекувањето во тој период. Мислам дека е важно, а и интересно и низ облеката да се проживеат сите "личности" што ги носиме во себе. Имало периоди кога сум чувствувала голем револт во себе и сум облекувала нешто онака целосно аут од сѐ, но луѓето што ме познаваат се навикнати на моите чести метаморфози, па тоа го сфаќале во спротивната смисла, така што мојот револт пак останал несфатен :)))). Во некои случаи е важен и контекстот. На пример, на мојата венчавка бев облечена во венчалниот костим на татко ми :))).

● Што мислите за традиционалниот стил на облекување - дали треба да се задржи или да се надмине?

- Па, може да биде и интересен, за некој краток период.

● Многумина велат дека сме нација што има чувство за естетика.

- Ја почитувам тенденцијата кај помладите машки генерации да обрнуваат внимание на својот изглед и креативно да се однесуваат кон него. А ние, Македонките, малку повеќе сме оптоварени со "она што се носи" и никако поинаку. Македонката повеќе му припаѓа на медитеранскиот стил на облекување (зборувам за современа девојка/жена) или на јапонскиот или мексиканскиот. Во секој случај, стил - карактеристичен за традиционалните, патријархални општества. Слободата да се биде "јас" и низ облеката кај нас е ретка појава. Сѐ уште е многу важно "што ќе кажат комшиите". Слепо се прифаќаат западните трендови, а баш и нема потреба. Модата некако е предвидлива. Порано Македонката сигурно била многу покреативна. Можеби денес тогашните носии ни изгледаат многу "тешки" и богати, но веројатно тоа е резултат на нашиот новокомпониран европоцентричен критериум.

● Честопати ги менувате и бојата и формата на косата. Дали во тоа гледате најголема можност за трансформација?

- Да, косата, т.е. бојата на косата ми е многу згоден "материјал" за промена. Па, најчесто, лицето (визуелно) е најиндивидуалниот дел од човечкото тело, а промената на бојата на косата може од вас да направи сосема друга личност...■

**Светлана К. Симоновска**